Точка на дневен ред: **11**
Предлагач: **Надзорен одбор**

## Материјал за Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог-одлука за распределба на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година

Надзорниот одбор на НЛБ Банка му предлага на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје да ја усвои следната:

## Одлука за распределба на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година

Во прилог:
– Предлог-одлука за распределба на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година

Скопје, април 2020 година

## Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог-одлука за распределба на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година

Врз основа на член 39 став 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница одржана на ден 16.04.2020 година ја донесе следната

## Одлука за распределба на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година

1. Согласно Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година и нераспределена добивка од претходни години, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2019 година во бруто-износ од 1.691.040.780,00 МКД
   - 1.1. МКД 1.672.270.392,00 од реализираната добивка во 2019 година.
   - 1.2. МКД 18.770.388,00 нераспределена добивка од претходни години

2. Износот на бруто-дивидендата по акција изнесува 1.980,00 МКД.

3. Последен датум на тргување со право на дивиденда за 2019 година е 28.04.2020 година. Прв датум на тргување без право на дивиденда за 2019 година е 29.04.2020 година.

   Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на делот од добивката наменет за дивиденда за 2019 година е 30.04.2020 година, потврдено со Изводот на акционерската книга на ЦДХВ.

4. Исплатата на дивиденда ќе отпочне 30. ден од одржувањето на Собранието на НЛБ Банка АД Скопје.

5. Акционерите што имаат право на дивиденда ќе бидат известени за оваа Одлука со соопштение во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија.

6. Одлуката стапува во сила на денот на донесување.

Во Скопје, 16.04.2020 година

Одлуката да се достави до:
- Секретаријат
- Служба за стратегиско планирање и финансиски контролинг

Претседавач
на Годишно собрание на акционери
на НЛБ Банка АД Скопје

## Образложение

Согласно член 487 од Законот за трговски друштва по одобрувањето на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето добивка за распределба Собранието на акционери го определува делот што им се доделува на акционерите во форма на дивиденда, според родот и класата на акциите. НЛБ Банка АД Скопје има вкупно издадено 854.061 обични акции и секој акционер има право на дивиденда соодветно на бројот на акции што ги поседува.

Согласно Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година и нераспределена добивка од претходни години, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2019 година во бруто-износ од 1.691.040.780,00 МКД
- МКД 1.672.270.392,00 од реализираната добивка во 2019 година.
- МКД 18.770.388,00 нераспределена добивка од претходни години

Дополнително, согласно член 490 од Законот за трговски друштва, со оваа одлука се утврдени:
- износот на дивиденда (1.980,00 МКД бруто дивиденда по акција, 32,2 ЕУР со среден курс 61,5 мкд/еур);
- датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери што имаат право да добијат дивиденда (30.04.2020 - согласно Правилата за котација треба да биде најмалку 14 дена од денот на одржување на Собранието на акционери на кое се носи одлуката за делење дивиденда);
- планот за исплата на дивидендата и денот на кој дивидендата започнува да се исплаќа (30. ден од одржувањето на Собранието на НЛБ Банка АД Скопје) и
- начинот на кој друштвото ги известува лицата што имаат право на дивиденда според донесената одлука (соопштение во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија).

Согласно член 36 од Правилата за котација на Македонска берза, во одлуката дополнително се утврдени и последниот датум на тргување со право на дивиденда (28.04.2020 – утврден согласно новата Одлука за измена и дополнување на Правилата за тргување каде периодот на редовно порамнување на склучените трансакции на Берзата ќе биде 2 (два) работни дена од денот на склучување, односно ќе изнесува Т+2) и првиот датум на тргување без право на дивиденда (29.04.2020).